МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**КОМИСИЈА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ПОДЗЕМНИ ИНСТАЛАЦИИ**

Број:11-5495/2
Датум: 09.08.2022
Скопје

# ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Во врска со Вашето барање доставено до Општина Карпош за изведување на приклучок на водоводна мрежа,атмосферска и фекална канализација за објект за домување на ул.„Хелсинки" бр.54 , Ве известуваме за следното:

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош на ден 25.07.2022 година изврши увид на лице место на ул.„Хелсинки" бр.54, по барање на Инвеститорот АРАНГЕЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје со седиште на ул.„Радован Ковачевиќ" бр.25 за изведба на приклучок на водоводна мрежа,атмосферска и фекална канализација.

Постапувајќи по Вашето барање и од извршениот увид на лице место и врз основа на приложените решенија бр.31809 од 21.06.2022год. за водоводен приклучок, бр.31810 од 21.06.2022год. за фекален приклучок и бр.31811 од 21.06.2022год. за атмосферски приклучок издадени од ЈП Водовод и канализација,констатирано е дека постојат технички услови за изведување на бараните приклучоци.

Имено според утврденото техничко решение приклучувањето треба да се изврши на улична водоводна мрежа Ф100мм со профил на водоводен приклучок од цевки Ф6/4".

Фекалната и технолошките води од објектот се предвидува да се одводнат преку улична фекална канализациона мрежа Ф250мм со профил на фекален приклучок Ф=150мм.

Атмосферските води од објектот се предвидува да се одводнат преку улична атмосферска канализациона мрежа Ф700мм со профил на атмосверски приклучок Ф=150мм .

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk*

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**КОМИСИЈА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ПОДЗЕМНИ ИНСТАЛАЦИИ**

За горе наведените приклучоци по решенијата за приклучоци предвидени се да се изведат ископите на ровот со попречен прекоп на асфалтна подлога на ул.„Хелсинки" во должина од 8м и прекоп на тротоар од бекатонска подлога во должина од 4м.

На име на надомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации согласно Одлуката бр.09-8033/18 од 13.12.2021 година и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката бр.09-3199/8 од 20.04.2022 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на норминирана цена за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот за подлога од павер елементи да уплати износ од 566,00 денари со вклучено ДДВ, за попречен прекоп на асфалтна подлога да уплати износ од 28.320,00денари со вклучено ДДВ, вкупно да уплати износ од 28.886,00 денари со вклучено ДДВ.

На Инвеститорот – Изведувач дадени му се насоки за начинот на изведување на сите градежно земјани работи за положување на подземниот електричен вод како и обезбедување на трасата за безбедност на минувачите со сите потребни означувања. Подлогата по положување на цевките да се врати во подобрена прводобитна состојба на тој начин што ископаниот материјал од ровот од павер елементи да се транспортира до депонија,околу цевките да се постави ситен песок, останатиот дел од ровот до потребната кота на монтажа од павер елементи да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви,да се постави ситен песок и да се пререди бекатонот по целата широчина на тротоарот и ископаниот материјал од ровот од асфалтна подлога да се транспортира до депонија,околу цевките да се постави ситен песок, останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви и завршно ровот да се асфалтира со АБ 11.

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
***www.karpos.gov.mk***

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**КОМИСИЈА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ПОДЗЕМНИ ИНСТАЛАЦИИ**

---

По завршување на сите градежни работи околу изведувањето на новите приклучоци , Комисијата ќе изврши повторен увид со цел да утврди дали квалитетно се завршени работите и дали е подлогата вратена во првобитна состојба.

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Наташа Иванова

Ивана Стојановски

Тома Мандилоски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА КАРПОШ • СКОПЈЕ •

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk*